РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-205/2
31-01-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 99 -та седница одржана на ден 26.01.2024 година донесе

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр.09-7544 од 10.08.2022 година поднесена од непознат подносител против проф.д-р ----- -службено лице, член на Советот ----------, за утврдување состојба на судир на интереси, **СЕ ЗАПИРА.**

По поднесено барање за поведување на прекршочна постапка, не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што нема елементи за понатамошно постапување.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставена е пријава од непознат подносител заведена со број 09-7544/1 од 10.08.2022 година, со наводи за постоење на судир на интереси, бидејќи службеното лице проф.д-р ------ како член на Советот -------------, предавал на Обука за предметите од наставна програма за стручен испит за вршење на работи за ------------, поточно модул 4 -----------. Според наводите во пријавата, ------------ ја носи Програмата за полагање на стручен испит, а истовремено ја организира Обуката за предметите од наставната програма.

По доставено барање за доставување на податоци и информации, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, -------, достави Одговор на ден 12.09.2022 година.

Согласно член 158-ѓ од Законот за -------- (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.-/02, -/02, -/07, -/08, -/10, -/11, -/11, -/13, -/14, -/14, -/14, -/15, -/15, -/16, -/18 и -/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр.-/19, -/20 и -/22) ------ е составен од пет члена избрани од Собранието на РСМ, од кои еден е претседател.Од нив тројца се професионално ангажирани со полно работно време, а другите двајца членови се непрофесионално ангажирани.

Лицето проф. д-р ---- е непрофесионално ангажиран член, избран на седница на Собранието на РСМ одржана на ---.2019 година, а одлуката е објавена во ,,Службен весник на РСМ,, бр.--/19.

Според добиениот одговор од ---, проф.д-р ---- предавал на обука за предметите од наставната програма за стручен испит за вршење на работи на ----, односно одржал предавање по предметот ------, реализирано на 13.01.2022 година, во периодот од 17-20

часот, три часа онлајн настава. Исто така, појаснуваат дека на Јавниот повик за поднесување понуди за образовни услуги од страна на едукатори за спроведување обука и стручен испит за вршење на работи --- за 2021/2022/2023 бил единствениот пријавен едукатор кој воедно ги исполнувал условите.

Според доставената табела за индикативен распоред за обука ---- 2021-2023 за предметот ---- предвидени се обуки во декември 2021, март 2022/2023, септември 2022/2023.

Едукаторите имаат право на паричен надоместок што го определува Советот ---, согласно член 154-д став (8) од Законот -----.

Согласно член 158-ѕ од Законот -------- став 1, точка 2 и 3

*2) ,,одлучува за издавање или одземање на дозволи, давање или повлекување на согласности, отстранување на незаконитости од -------...*

*3) изрекува мерки спрема ------- и други правни и физички лица врз кои согласно со закон, --- спроведува -----,,,*

Согласно член 158-ж став (6) од Законот ---------

*,,Претседателот и членовите на Советот ---- во ---- за време на траењето на нивниот мандат, односно работен однос не смеат да примаат никакви надоместоци или плаќања, да прифаќаат функција или вработување или да даваат какви било услуги на субјектите ---------, како и --------.,,*

Имајќи го предвид наведеното, како и член 44 став 6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК сметаше дека проф.д-р -----, во својство на службено лице постапил спротивно на наведените законски одредби и не смеел да дава услуги на субјектите врз кои спроведуваат ------, како и лицата кои со нив се поврзани согласно со овој закон.

Од овие причини согласно член 114 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 58 став 1 и член 83 став 2 од Законот за прекршоците (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.96/19) ДКСК поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

Прекршочната комисија со Решение бр.14-5045/3 од 12.12.2023 година го отфрли барањето поради непостоење на услови за поведување на прекршочна постапка и притоа се наведува дека давањето на образовни услуги при обука и испит од соодветен дел и модул за вршење на работи --- од страна на проф.д-р ---- не се дадени на субјекти врз кои ---- спроведува ----, ниту пак се дадени образовни услуги на лицата кои со нив се поврзани во согласност со Законот --------.

Со цел утврдување на овие релевантни околности во постапката, ДКСК на ден 26.12.2023 година повторно достави барање до ---- и побара појаснување кои физички и правни лица се учесници на обуките и дали спрема овие лица, ---- спроведува ------ или пак на било кој друг начин овие лица се поврзани со ---- и дали учесниците на обуките, веќе се ангажирани во некое -----. Во одговорот доставен до ДКСК се појаснува дека сите физички лица кои ги исполнуваат условите може да се јават како учесници на обуката, а по завршување на обуката, доколку го положат стручниот испит за -----, се

стекнуваат со Уверение за положен стручен испит, по што имаат право до ---- да доставаат барање за добивање лиценца ----. Исто така, се појаснува дека на обуката и полагањето на испит се појавуваат лица/кандидати кои имаат намера да се стекнат со уверение за положен стручен испит ----- и да добијат лиценца. Оттука, ДКСК не обезбеди докази, врз основа на кои ќе се утврди постоење на околности кои упатуваат на состојба на судир на интереси.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК на седницата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Контролирал: К.З-раководител